18.	V Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“	7-16.07. 2009	Општина Велес			500.000		500.000
19.	VIII Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“	20.-30. 07. 2009	Организац одбор Општина Велес	1.000.000		1.000.000		2.000.000
20.	Концерт – Илинден	31.07.2009	Општина Велес			60.000		60.000

21.	Обележување на 8-ми Септември	8.09.2009	Општина Велес			60.000		60.000
22.	Недела на детето -зачленување на првачињата во Светската детска организација: -театарска претстава за деца	5-11.10. 2009	Општина Велес			40.000		40.000
23.	Обележување на 11 Октомври	10.10.2009				10.000		10.000
24.	150 години од раѓањето и 55 години од смртта на Димитар Андонов Папрадишки	Октомври-ноември 2009				50.000		50.000
25.	Врачување на актерската награда за животно дело „Петре Прличко“	11.2009	Општина Велес Народен театар „ЈХК Џинот“ Здружение на актери „Џинот“			45.000		45.000
26.	Обележување на 9-ти Ноември	6-10.11. 2009	Општина Велес			200.000		200.000
27.	7-ми Меѓународен салон на стрип	Ноември 2009	Општина Велес, Стрип центар на Македонија			30.000		30.000
28.	42 Детски Рацинови средби - награда на ООУ за	13-14.11. 2009	Општина Велес			50.000		50.000
29.	Ликовна работилница „Маца Овчарова“	3.12.2009	Општина Велес			5.000		5.000

30.	Ликовна работилница за деца со посебни потреби	3.12.2009	Општина Велес			5.000		5.000
31.	Ликовна изложба – Гимназија „Кочо Рацин“	декември	Општина Велес			10.000		10.000
32.	Организирање на 2 саема на книгата	јуни-декември. 2009	Матична библиот. „Гоце Делчев“			30.000		30.000
33.	Поддршка на ЗГ од областа на културата	По утврд. Приоритет	Општина Велес			110.000		110.000
34.	Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците	По утврд. Приоритет	Општина Велес			60.000		60.000
35.	Денови на Кемал Ататурк		ЗГТ „Бирлик“			50.000		50.000
36.	Обележување на Меѓународен ден на Ромите					20.000		20.000
37.	Јубилеи на реномирани автори	По потреба	Општина Велес			40.000		40.000
38.	Презентација на велешката култура во странство, изложба на уметнички дела, гостување на КУД		Општина Велес			60.000		60.000
39.	Изложби на домашни и странски уметници по утврдена програма		Општина Велес, Народен музеј			80.000		80.000

40.	Промоции на книги		Општина Велес Градска библиотека Клуб „Кочо Рацин“			80.000		80.000
41.	Обележување на значајни настани и личности	по програма	Општина Велес			60.000		60.000
42.	Обележување и организиран дочек на Нова Година	30-31.12.2009	Општина Велес.			1.000.000		1.000.000
43.	Непредвидени манифестации		Општина Велес			60.000		60.000
	вкупно			**1.530.000**	**0**	**5.525.000**	**20.000**	**7.075.000**

	II. ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА							
	1. ИНВЕСТИЦИИ							
1.	Пренесување на етно-материјал од Франкфурт-донација од сем. Петрушевски					1.638.000		1.638..000
2.	Опремување на спомен-соба Џинот					100.000		100.000
3..	Трајна поставка на дела сопственост на Тихомир Кондев					100.000		100.000
4.	Опремување на спомен-соба Гемиџии					100.000		100.000
5,	Уредување на спомен-куќата на Васил Главинов					150.000		150.000

6.	Изработка на скулптури во паркови површини					600.000		600.000
7.	Проширување на амфитеатар во Младински парк					500.000		500.000
8.	Уредување и набавка на опрема во библиотеката					500.000		500.000
9.	Опремување на Ликовен салон					100.000		100.000
10.	Археолошки истражувања – Латински гробишта					320.000		320.000
	Вкупно			0	0	**4.150.000**		**4.150.000**
	2.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ							
1.	Комунални трошоци во библиотека					500.000		500.000
	вкупно				**0**	**500.000**		**500.000**
	III Трансфер на средства							
1.	Блок- дотација култура			11,870,000				11,870,000

	IV ДРУГИ РАСХОДИ							
1.	Персонален данок					300.000		300.000
2.	Репрезентација за културни манифестации					350.000		350.000
3.	Други договорни услуги					300.000		300.000
4.	Непредвидени трошоци					150.000		150.000
	вкупно			**0**	**0**	**1.100.000**		**1.100.000**
	Се вкупно:			**13.400.000**	**1.323.000**	**11.275.000**	**20.000**	**26.018.000**

.

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2009 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министрерството за култура на Република Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V.МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 9-ти Ноември, Денот на Општина Велес се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Велес и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

На свечена седница се доделуваат посебни награди и признанија:

-Награда за животно дело „Гемиџии“,

-9-то ноемвриски признанија,

-Награда за најстудент „прф.д-р Ѓорги Шоптрајанов“,

-Прогласување на почесен граѓанин на Општина Велес.

Горе наведените признанија се доделуваат од Општина Велес по утврдени критериуми, а се финансираат од посебна ставка на Буџетот на Општина Велес.

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-почесно покровителство на градот Велес,

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината,

-Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации,

-Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број-07-5771/8
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

280.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.11.2008 година.

Број 08-6034/9
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/9
20.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ “ бр.5/02) и член 45 став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес “ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година

Поаѓајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Македонија, а особно во Општината Велес, во 2009 година Општина Велес ќе се вклучи, а во одредени случаи ќе биде и носител на обележувањето на следните значајни настани и личности:

9 јануари	Годишнина од загинувањето на Благој Кирков
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
	ОУ „Благој Кирков”
14 јануари	66 години од загинувањето на народниот херој Благој Страчковски и првоборецот Славе Петков Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
	Работнички универзитет „Благој Страчковски”
	УЗ „Славе Петков”
15 февруари	170 години од раѓањето и годишнина од смртта на Рајко Жинзифов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес ООУ „ Рајко Жинзифов” с. Долно Оризари

21 февруари	65 годишнина од Февруарскиот поход
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
8 март	Меѓународен ден за правата на жената
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Организација на жени на Општина Велес
	Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Велес
14 март	67 години од Штрајкот на учениците во велешката гимназија
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес Гимназија “Кочо Рацин”
7 април	65 година од загинувањето на народниот херој Димче Мирчев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес ОЈУДГ „Димче Мирчев”
21-23 април	67 години од формирањето на ВПО „Димитар Влахов и 65 години од формирањето на ПО „Трајче Петкановски”
Носител:	ОО на СБМ Велес
22 Април	Светски ден на планетата земја
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Еколошките друштва во Општина Велес
27 Април	106 години Солунски атентати (Гемиџии)
	Положување цвеќе на споменикот на Гемиџиите, Положување цвеќе на гробот на Милан Арсов во с. Ораовец
Носител :	Општина Велес

6 мај	Годишнина од загинувањето на Петар Михов
	Положување цвеќе и пригодно навраќање на значењето на Петар Михов на гробот во црквата Св. Спас
Носител :	Општина Велес
9 Мај	Ден на победата над фашизмот Ден на Европа
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
Втората недела во мај	Светскиот ден на мајчинството
Носител :	Општина Велес
24 Мај	Ден на македонските просветители Свети Кирил и Методиј
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на државно ниво
Носител :	Општина Велес
5 Јуни	Светски ден на екологијата
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Еколошките друштва во Општина Велес
13 јуни	66 година од загинувањето на Кочо Рацин
	Почит кон Рацин во Велес и на местото на погибијата на Лопушник
Носител:	Општина Велес , ОО на СБМ Велес ОСУ Гимназија „Кочо Рацин”
29 јуни	Почит кон македонските бранители
	Обележување на 7 годишнината од загинувањето на Оливер Китановски на спомен обележјето во Башино Село
Носител :	ОО на СБМ Велес ЗГ „Резервни воени обврзници, учесници во настаните 2001-2002 година” Општина Велес

12 јули	Годишнина од смртта на Андреја Дамјанов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на републичко ниво
Носител:	Асоцијација на градови од Република Македонија со архитектонско наследство Сојуз на архитекти на Македонија
12 јули	58 години од смртта на Панко Брашнар
	Почит пред споменикот на Панко Брашнар
Носител:	Општина Велес ОО на СБМ Велес
26 јули	60 години од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција (1946-1949)
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес ЗГ „Ѕвезда”
2 Август	106 години Илинденско востание
	Пригодно чествување на празникот
Носител:	Општина Велес
2 Август	65 години од I Заседание на АСНОМ
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на републичко ниво
Носител :	Собрание на Република Македонија, Општина Велес ОО на СБМ Велес
6 вгуст	66 години од загинувањето на Трајче Петкановски
Носител :	ОО на СБМ Велес
18 Август	Ден на армијата на Република Македонија
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Гарнизонот на АРМ - Велес

29 август	Годишнина од смртта на Јордан Хаџи Константинов – Џинот
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Народен театар „ ЈХК Џинот” ООУ „ЈХК Џинот” Општина Велес
2 Септември	65 години од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес Гарнизон на АРМ - Велес
2 септември	68 Години од загинувањето на Коле Неделковски
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес, УСО „Коле Неделковски” ОО на СБМ Велес
6 септември	48 години од смртта на Алексо Демниевски – Бауман
Носител:	ОО на СБМ Велес
8 Септември	Ден на самостојноста на Република Македонија
	Организирање на свечено обележување
Носител :	Општина Велес
10 Септември	65 години од загинувањето на борците на Осмата МНОУБ кај месноста Раштански колиби
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
10 Септември	65 години од загинувањето на Шефки Сали
	Здружение на граѓани „Јени Хајат“ Општина Велес ќе се вклучи во активностите
Носител :	ОО на СБМ Велес

17 септември	Посета на меморијалните споменици во Горно Врановци
4 октомври	106 години од загинувањето на Тодор Христов Офицерчето
	Положување цвеќе на спомеикот на Велешките илинденци
Носител :	Општина Велес
Првата недела во октомври	102 година од загинувањето на Јован Наумов Алабакот
	Посета на гробот во с. Ораовец
	Положување цвеќе, пригодно обраќање
Носител :	Општина Велес
Октомври	102 година од смртта на Андреа Димов – Докурчев
	Положување цвеќе на спомеикот на велешките илинденци
Носител :	Општина Велес
11 Октомври	Ден на востанието на македонскиот народ
	Ден на борецот
	Положување цвеќе на Спомен – костурница
	Пригодно обраќање по повод празникот
Носител :	Општина Велес и ОО на СБМ Велес
23 Октомври	Ден на револуционерната македонска борба
Носител :	Општина Велес ќе се вклучи во активностите организирани на државно ниво
24 октомври	65 години од загинувањето на Јовче Тесличков
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес ОСУ „Јовче Тесличков”
31 октомври	29 години од смртта на Бане Андреев – Ронката
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес

.

9 Ноември	Денот на ослободувањето на Велес – општински празник (и денот на формирањето на Народно-ослободителниот одбор на Велес)
	Пригодна програма, свечена седница на Советот на Општина Велес , доделување 9 – то Ноемвриски награди и признанија
Носител :	Општина Велес
19 Ноември	73 години од загинувањето на Ганчо Хаџи Панзов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
1 Декември	Светски ден за борба против сидата
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	НВО
3 декември	Светски ден на лицата со посебни потреби
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес Дневен центар за лица со посебни потреби, ПОУ „Маца Овчарова”, Центар за социјални работи – Велес, НВО
6 декември	67 години од загинувањето на Мицко Козар и Невена Ѓеоргиева - Дуња
Носител :	ОО на СБМ Велес
10 декември	67години од загинувањето на семејствата Митреви и Капчеви
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
13 декември	66 години од загинувањето на Благој Ѓорев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес

18 декември	Годишнина од убиството на народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
21 Декември	Годишнина од смртта на Миле Поп –Јорданов
	Положување цвеќе на гробот, пригодно обраќање
Носител :	Општина Велес
24 декември	140 години од раѓањето и 80 години од смртта на Васил Главинов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител:	ООУ „Васил Главинов” Општина Велес

Број 07-5771/9
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

281.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.11.2008 година.

Број 08-6034/10
01.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/10
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 год, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2009 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

-Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции;

-Техничка и стручна помош при изработка на Стратегија за развој на образованието

р.бр	I АКТИВНОСТИ	РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕТСТВА			ВКУПНО
				МИН	Сопст. приход	Општина Велес	
1.	Манифестации по повод завршувањето на школската година 2008/09	Јуни 2009	Сите училишта				
2.	Манифестации по повод започнувањето на школската година 2009/10	Септември 2009	Сите училишта				
3.	Организирана посета на Народен музеј и спомен куќите во Велес	По утврден распоред	Сите основни и средни училишта				
4.	Прогласување на најдобар наставник во основното образование	24 мај 2009 „Св. Кирил и Методиј“	Биро за развој на образованието во соработка со здружението на просветни работници		20.000		20.000
5.	Прогласување на најдобар наставник во средното образование	24 мај 2008 „Св. Кирил и Методиј“	Биро за развој на образ. во соработка со здружението на просветни работници		20.000		20.000

6.	Образовно рандеву		Средните стручни училишта		40.000		40.000
7.	Едукација на педагошко-психолошките служби и наставниот кадар				10.000		10.000
8.	Изготвување на елаборат за образовна инклузија на деца со посебни потреби во редовното образование		Општина Велес, Стручни служби на ООУ ПОУ Маца Овчарова		40.000		40.000
	Вкупно:				**130.000**		**130.000**
	II ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО						
р.бр.	**1. ИНВЕСТИЦИИ**						
1.	Изградба, реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции и топловодни системи во основни и средни училишта	По утврден приоритет (Б. Кирков и ЈХК Џинот, Васил Главинов ПУ: Башино Село, Сливник, Клуковец, Раштани, Мамутчево и др. зависно од потребите)			3.000.000		3.000.000
2.	Реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта	По утврден приоритет (Гимназија „К. Рацин“, „Д. Чуповски“, „С.Б.Бурида н“ и др, зависно од потребите)			2.000.000		2.000.000
3	Изградба и реконструкција на отворени спортски терени и партерно уредување на дворни места во основни и средни училишта	По утврден приоритет (Р. Жинзифов, Св. Кирил и Методиј, ПУ и др.зависно од потребите)			1.500.000		1.500.000

4.	Промена на покриви од азбестни плочи	По утврден приоритет			1.500.000		1.500.000
5	Поддршка на образовен портал				260.000		260.000
6	Енергетска ефикасност				200.000		200.000
	вкупно				5.960.000		5.960.000
	2. ТЕКОВНИ РАБОТИ						
1.	Осигурување на училишни објекти				1.500.000		1.500.000
2.	Санитарни прегледи на вработените во образование				500.000		500.000
3	Здравствени прегледи (на 3 години) за 1/3 од вработените во образование				800.000		800.000
4	Обезбедување на основните и средните училишта (Видеонадзор)				2.500.000		2.500.000
5	Комунални трошоци				200.000		
	Вкупно:				**8.000.000**		**8.000.000**
Р.бр.	**III Трансфер на средства**						
1.	Блок дотација – основно образование			184.695.000			184.695.000
2.	блок дотација – средно образование			96.417.000			96.417.000
3.	Приходи од самофинансирање – основно образование					18.017.800	18.017.800
4.	Приходи од самофинансирање – средно образование					18.202.800	18.202.800
	вкупно:			**281.112.000**		**36.220.600**	**317.332.600**
	СЕ ВКУПНО:			281.112.000	14.090.000	36.220.600	331.422.600

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образование и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Велес за 2009 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и сл.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

-изработување стратегија за развој и унапредување на образованието;

-реализирање на втората фаза на Новиот концептот за образование;

-создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број-07-5771/10
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

282.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.11.2008 година.

Број 08-6034/11
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/11
20.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2009 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на здравството и социјалната заштита;

-Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;

-Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;

-Подобрување на стандардот на граѓаните;

-Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст;

-Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги за инклузија на деца со посебни потреби.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Создавање услови за отворање на дневни центри за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица;

-Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;

-Помош на социјално загрозени семејства;

-Помош на лица – жртви на семејно насилство;

- Промовирање на родовата рамноправност;

Реализација на активности по стратешки документи

р.бр	АКТИВНОСТИ	РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА				ВКУПНО
				МТСП	Општина Велес	Донација	сопствени приходи	
1.	Прифатилиште за жртви на семејно насилство	12 мес.	Општина Велес		180.000	/		180.000
2.	Превенција на тубркулоза Во Општина Велес				20.000			20.000
3.	Организирање на едукации за надминување на социјалните проблеми поврзани со девијантното однесување (малолетничка деликвенција)	по потреба			40.000			40.000
4.	Промовирање на родовата рамноправност	12 мес.			50.000	60.000		110.000
5.	Регионална соработка – родова рамноправност				20.000			20.000
6.	Набавка на социјални пакети	по потреба	Општина Велес		30.000			30.000
7.	Набавка на учебници на деца без родители од Општина Велес	септември	Општина Велес		40.000			40.000
8.	Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби	декември	Општина Велес		50.000			50.000
9.	Активности по Агенда 22 -Работилници -Трибини -Тркалезни маси -Организиран превоз за потреби на ранливи групи -Аудио изданија				200.000			200.000
10.	Печатење на промотивен материјал				20.000			20.000
11.	Едукации за превентива				30.000			30.000
12	Рехабилитација на деца		Општина Велес ЗРГЗП		60.000			60.000
13.	Општина по мерка на детето		Општина Велес		30.000			30.000
14.	Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства				70.000			70.000
15.	Декада на Роми				30.000			30.000
	Вкупно				**870.000**	**60.000**		**930.000**

	II. Поддршка на социјалната заштита							
	1.Инвестиции							
1.	Реконструкција на кровен покривач во Клон 2 со површина од 2000 м2 во ОЈУГД „Димче Мирчев“				2.000.000			2.000.000
2.	Уредување на дворно место во клон II и клон IV во ОЈУГД „Димче Мирчев“				100.000			100.000
	Вкупно				2.100.000			2.100.000
	Тековни трошоци							
1	Одржливост на S.O.S линија				200.000			200.000
2.	Осигурување на објектите				60.000			60.000
	Вкупно				260.000			260.000
	III Трансфер на средства							
1.	Блок-дотации Детска градинка			40.771.178				40.771.178
3	Приходи од самофинансирање-Детска градинка						15.000.000	15.000.000
	Вкупно			**40.771.178**			**15.000.000**	**55.771.178**
	СЕВКУПНО			**40.771.178**	**3.230.000**	**60.000**	**15.000.000**	**59.061.178**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравството и социјалната заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Велес предвидени за 2009 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министрерството за труд и социјална политика на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

Дополнителни проекти и активности ќе предлага Комисијата за општествени дејности и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Велес.

V.АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Велес делуваат бројни здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално запуштени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од дроги и други наркотици. Општината Велес ќе ги поддржи нивните напори за отворање дневни центри за згрижување и социјализација и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Велес се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број-07-5771/11
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

283.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.11.2008 година.

Број 08-6034/12
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-5771/12
24.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2009 година се:

1.Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

. 2.Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани.

3.Афирмација на Општина Велес како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа.

4.Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II. АКТИВНОСТИ

При креирањето на Програмата Општина Велес го имаше предвид и предлогот на Сојуз на спортови Велес за поддршка на активности во 2009 година согласно член 22а од Законот за спортот(„ Сл. весник на РМ“ бр. 29.02 и 66/04).
За реализирање на целите на оваа Програма Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од

р.бр		РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА		ВКУПНО
				ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДР. ИЗВОРИ	
	I.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ					
1.	Турнир во мал фудбал – с. Оризари	6 мај	МЗ Оризари	20.000		20.000
2.	Турнир во мал фудбал во с. Мамутчево	11-12 јуни	МЗ Мамутчево	10.000		10.000
3.	IX турнир во мал фудбал „Тунел 2008“	10- 30 јули	МЗ Тунел	150.000		150.000
4.	Атлетска трка „Илинден 2009“	30 јули	АК „Изгрев“	10.000		10.000
5.	Турнир во фудбал – „Превалец 2009“ за пионери	август	МЗ Превалец	25.000		25.000
6.	Турнир во мал фудбал за пионери – спортски терени Дворови	15-30 август	СУС, МЗ	50.000		50.000
7.	Турнир во борење на пеливани	08 септември	МЗ Бузалково	50.000		50.000
8.	Меѓународен куп во спортски риболов на пливка	септември	ЗСР „Бабуна“	40.000		40.000
9.	Кајак слалом „Илинден2009“	август	Кајакарски клубови	40.000		40.000
10.	Новогодишен-божиќен турнир за кадети	Декември-јануари	ОФС, Фудбалска школа Велес	40.000		40.000
11.	Приказ на стари спортови – Мала спортска олимпијада	Мај-септември	ПК „Пеливан“ СУС	20.000		20.000
12.	Меѓународен куп во крапски риболов		СРД „Металург“	30.000		30.000
13.	„Да трчаме здраво е“	7 април – Ден на здравството	ДРГЗП, СУС	10.000		10.000
14.	Спортска манифестација во боречки вештини	ноември	КК „Велес“	30.000		30.000

15.	Сите на велосипед	март		МВК „Велес“ ЕД „Вила Зора“	10.000	
16.	Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2009 година	**Последната недела во декември**		Сојуз на спортови и спортски известувачи	90.000	
17.	Отворени забавни фудбалски школи	**септември**		СУС	30.000	
18.	Вардарска регата „Гемиџии“	**јуни-јули**		КК клубови,извид - нички одред Д.Влахов и ОО на Црвениот крст	100.000	
19.	АИКИДО семинар	**септември**		ЦБВ „Бушидо“	10.000	
20.	Меморијален турнир „Ѓорѓи Гајдов“			Ракометен клуб „Борец“	30.000	
21.	Меморијален турнир „Тони Виларов“			Кошаркаршки клубови	30.000	
22.	Меморијален турнир „Елвира Зафирова“			Одбојкарски клуб	15.000	
23.	Меморијален турнир „М.Ѓорѓиевски“			Карате клуб „Гемиџии“	10.000	
24.	Турнир во голем фудбал за кадети			Фудбалски клуб „Гемиџии“	20.000	
	Вкупно:				**870.000**	
	II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ					
1.	Сојуз на училишен спорт – учество на државни првенства (ако остварат пласман)	По утврден календар		Сојуз на училишен спорт – Велес	50.000	
2.	- спортски натпревари за ученици во основно и средно образование во ракомет,кошарка, одбојка ,мал фудбал и др.	септември 2009			300.000	
3.	Сојуз за спортска рекреација на инвалидизирани лица – учество на државно првенство	По утврден календар		ССРИЛ	40.000	
4.	Општински фудбалски сојуз - Лига систем натпревари во голем фудбал за пионери	По утврден календар		ОФС	90.000	
		мај				
5.	Општински фудбалски сојуз -Финале Куп за сениори	По утврден календар		ОФС	10.000	

6.	Сојуз на спортови - Републички-велигденски атлетски крос во Скопје	Велигден	Сојуз на спортови		15.000		15.000
7.	Здружение на спортски педагози - Организација на семинар	По програма	ЗСП		10.000		10.000
	Вкупно:				**515.000**		**515.000**
	III. МАСОВНА ФИЗИЧКА КУЛТУРА						
1.	Реализација на градски првенства во: - гимнастика, - карате, - спортски риболов, - велосипедизам, - движење во природа, - стрит бол, - стрелаштво - пливање	тековно	Општина Велес		200.000		200.000
2.	Спортски ден – активност за сите граѓани	август	Оптина Велес ЗСП и спортски клубови		50.000		50.000
	Вкупно:				**250.000**		**250.000**
	IV.ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ						
1.	**Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за користење на спортски објекти**		Општина Велес		2.000.000		2.000.000
2.	**Поддршка на кадетски и пионерски спортски екипи - надоместок за користење на спортски објекти**		Општина Велес		150.000		150.000
3.	**Поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на меѓународни и светски првенства и олимписки игри**	По доставени барања	Општина Велес		150.000		150.000
	Вкупно:				**2.300.000**		**2.300.000**

	V.ИНВЕСТИЦИИ						
1.	Поставување опрема на отворени спортски терени		Општина Велес		50.000		50.000
2.	Набавка на спортска опрема и реквизити		Општина Велес		150.000		150.000
3.	Одржување на отворени спортски терени		Општина Велес		100.000		100.000
4.	Одржување на новоизградената фудбалско игралиште				700.000		700.000
5.	Уредување на игралиште во Башино Село		Општина Велес		200.000		200.000
6.	Уредување на игралиште во населба Превалец		Општина Велес		200.000		200.000
7.	Реконструкција на Спортска сала		Општина Велес				1.000.000
					1.000.000		
8.	Реконструкција на Градски стадион				500.000		500.000
9.	Изградба на тениски игралишта						
10.	Изградба на спортски терени на Езеро Младост						
11.	Непредвидени трошоци		Општина Велес		50.000		50.000
12.	Изградба на затворен базен				донација		донација
	Вкупно:				**2.950.000**		**2.950.000**
	СЕ ВКУПНО:				**6.885.000**		**6.885.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Велес, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2009 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма во делот на спортот ќе се одвива преку Сојузот на спортови од Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број-07-5771/12
24.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

284.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.11.2008 година.

Број 08-6034/13
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/13
24.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2009 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2009 година се:

1.Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.

2.Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.

3.Афирмација на Општина Велес како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

-сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,

-обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,

-давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани,

-воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,

-го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

	VI. ПОДДРШКА НА НВО					Вкупно
1.	Учество во реализација на партнерски проекти со здруженија на граѓани		Општина Велес	300.000		300.000
2.	Поддршка на програмски активности на ЗГ			30.000		30.000
3.	Поддршка на младински совет		Општина Велес	50.000		50.000
4.	Комунални трошоци во домот на НВО		Општина Велес	140.000		140.000
5.	Изготвување на Стратегија за соработка на Општина Велес со граѓанскиот сектор		Општина Велес	40.000		40.000
	Вкупно:			**560.000**		**560.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2009 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Велес активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби,
-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи,
